# СТРАТЕШКИ ПЛАН

НА
КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО
ЗА ПЕРИОДОТ
2023 - 2027

Културно-социјален простор
**ЦЕНТАР-ЈАДРО**

Скицата на стратешкиот план на КСП Центар-Јадро е создадена на работилницата за стратешко планирање одржана во Охрид од 9. до 11. јули 2022. година, со учество на 11 претставници на установата и нејзините основачи, ЈАДРО Асоцијацијата на независната културна сцена и Општина Центар.

Процесот на стратешкото планирање вклучуваше анализа на силните страни и слабостите на КСП Центар-Јадро, како и позитивнте и негативните оклоности и политичките, економските, општествените и технолошките трендови во опкружувањето (со користење на SWOT и PEST анализа). Во фазата на стратешката анализа беше користена и Спајдер веб (Spider web) анализата, за проценка на капацитетите на КСП Центар-Јадро. Во фазата на стратешкото програмирање (со користење на варијантите на TOWC матрицата) беа разгледувани стратешките предизвици и стратешките приоритети (за резултатите на анализите види Appendix), што водеше кон дефинирање на стратешките цели за планскиот период од 2023. до 2027. година и кон редефинрање на мисијата на КСП Центар-Јадро.

Наспроти јасната свест дека првите години на која се однесува овој стратешки план ќе бидат години на економска криза на светско ниво и на политичка нестабилност на национално ниво, креиран е умерено развоен стратешки план, чии потпорни точки се: диверзификација на изворите на финансирање; докапацитирање и зголемување на тимот на КСП Центар ЈАДРО; обезбедување на дополнителен простор за работа на установата; јасна програмска ориентација и збогатување на програмата на КСП Центар Јадро со нови форми, нови типови на продукција и копродукција; профилирање на КСП Центар Јадро како ресурсен центар за пренесување на искуставата (знаења и вештини) поврзани со цивилно-јавните партнерства во областа на културата во РСМ; развојот на регионална соработка и размена на програми со сродни центри во регионот на Југоисточна Европа; проширување на соработката во Скопје со уметници, културни установи, невладини организации, образовни институции, медиумите, синдикатите; унапредување на комуникацијата со членството на ЈАДРО Асоцијацијата на независната културна сцена, останати културно-уметнички организации, неформални групи и поединци, медиумите и Општина Центар како соосновач.

Во овој документ, покрај редефинираната мисија на установата, утврдени се стратешките цели на КСП Центар-Јадро во претстојниот петгодишен период, одредени се активностите кои би требало да водат кон остварување на овие цели, како и индикаторите на основа на кои ќе се врши мониторингот и евалуацијата на успешноста во остварувањето на резултатите и целите.

## КСП “ЦЕНТАР ЈАДРО”

КСП „Центар-Јадро“ е јавна установа од областа на културата формирана по принципот на цивилно-јавно партнерство за потребите на заедницата. КСП „Центар-Јадро“ заеднички го основаа Општина Центар и „Јадро“ – Асоцијација на независната културна сцена (платформа која обединува организации, поединци и неформални уметнички групи од целата држава). Актот за основање беше потпишан во 2015, а во 2017 установата беше регистрирана во Централниот регистар. Установата почна со работа во 2019 со вработување на основниот

тим, а од почетокот на 2020 беше отворен и започна со работа нејзиниот простор во рамки на урбаната заедница “Дане Крапчев”.

Ваквиот модел на партнерство овозможува долгорочна одржливост, резултат на урамнотежениот однос помеѓу јавното финансирање и надзорот, од една, и независното програмирање и партиципативно носење на одлуките, од друга страна. Улогата на Општина Центар е да обезбеди соодветен простор и основни средства за темелно функционирање и реализација на програмите. Продукцијата на програмата во најголемиот дел ја финансираат организациите-корисниччки, односно партнерите на „Центар-Јадро“, а дел од програмата ја продуцира тимот на Центар-Јадро.

КСП „Центар-Јадро“ овозможува бесплатно користење на просторот и ресурсите, за спроведување програми од областа на современата уметност и култура од страна на организации, поединци, неформални групи, како и поширокиот граѓански сектор со цел спроведување програми од интерес за заедницата.

Ресурсите на „Центар-Јадро“ за спроведување на нивните програми, корисниците може да ги користат во следниве области:

- современа уметност и култура;
- едукативни и информативни програми важни за подобрување на квалитетот на -животот на граѓаните и заедницата;
- едукативни програми дизајнирани за развој на капацитетот на граѓанските организации во културниот сектор.

Во просторот на „Центар-Јадро“ се реализираат настани од сите дисциплини на современата култура и уметност: изложби, театарски и танцови претстави, концерти, предавања, работилници и семинари и сл. Покрај тоа, објектот редовно се користи за производство, проби, работни состаноци и слични содржини. До крајот на 2021 просторот е искористен за повеќе од 500 термини од кои над 300 за програми од затворен карактер (проби, работилници, курсеви тренинзи, снимања, работилници, работни состаноци итн), а над 200 за програми од отворен карактер (изложби, концерти, перформанси, перформативни инсталации, завршни презентации на работилници).

Основниот тим на КСП Центар-Јадро го сочинуваат: Јасмина Билаловиќ, директорка, Ѓорѓе Јовановиќ, програмски координатор, Ѓорѓи Пулевски, административен координатор на КСП Центар-Јадро и Марија Бошковска, проектен асистент. Повеќе информации околу управувањето и тимот на КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО на: centarjadro.mk.

Застапувајќи се за културата како јавно добро, КСП Центар-Јадро поддржува критичко, социјално ангажирано, екпериментално творештво и партиципативно и транспарентно управување, промовирајќи ја солидарноста како висока општествена вредност. КСП „Центар-Јадро“ претставува модел на установа која е одговор на кризата која произлегува од недостатокот на отворени простори за социјална и културна продукција и презентација во Република Севера Македонија. Реагирајќи на конзервативните и застарени културни политики, партизацијата на културниот сектор, комерцијализација на културата и затворените културни институции, установата нуди нови партиципативни и одржливи

модели на управување во културниот сектор, нуди техничка поддршка, знаење, вештини, помош при мобилизација на ресурси и идеи за независниот културен сектор.

КСП „Центар Јадро“ создава простор за независната културна сцена, се стреми да ја подигне свеста на уметниците, на културните работници, на пошироката јавност и на носителите на одлуки за социо-економските услови на делување, изведување и практикување на уметност и култура, ја вклучува локалната заедница во современи, општествено ангажирани културни програми, одговарајќи на и развивајќи ги нејзините потреби, тежнеејќи кон децентрализација на моќта во сферата на културата и во општеството. Центар Јадро рамноправно и без дискриминирање, обезбедува простор за развивање и реализација на проекти на индивидуални уметници, неформални и формални културни организации и асоцијации, организации од пошироките граѓански сектор и локалната заедница и претставува безбеден простор за општествен дијалог. Центар-Јадро е единствен пример на цивилно-јавно партнерство во областа на културата, е пример за добри практики на партиципативно управување и на добра соработка со локалната самоуправа во Северна Македонија.

## МИСИЈА НА КСП “ЦЕНТАР ЈАДРО”

КСП Центар-Јадро, како единствен пример на цивилно-јавно партнерство во областа на културата во Република Севера Македонија, реагирајќи на конзервативните и застарени културни политики, партизацијата на културниот сектор, комерцијализација на културата и затворените културни институции, поддржува критичко, социјално ангажирано и екпериментално творештво, нуди нови партиципативни и одржливи модели на управување во културниот сектор и креира безбеден простор за општествен дијалог и за развивање и реализација на проекти во областа на културата. Застапувајќи се за културата како јавно добро, КСП Центар-Јадро се стреми да ја подигне свеста за социо-економските услови на делување, изведување и практикување на уметност и култура, тежнеејќи кон децентрализација на моќта во сферата на културата и во општеството.

## Стратешки цели на КСП Центар-Јадро за периодот 2023 – 2027

**Стратешка цел 1:**
**Диверзификација на изворите на финансирање, особено остварување соработки и обезбедување континуирана поддршка од страна на Министерството за култура и Град Скопје.**

**Активностите кои се предвидени за остварување на оваа цел вклучуваат:**

1.1. Идентификација на потенцијални донатори (фондации и општествено одговорни компании)
1.2. Воспоставување на контакт со потенцијални донатори
1.3. Воспоставување на контакт со бизнис заедницата
1.4. Остварување на средби за застапување со надлежните од Министерството за култура и Град Скопје (со укажување на состаноците дека КСП Центар Јадро е институција и дека заслужува буџетска поддршка како институција)
1.5. Зајакнување на капацитетите за мобилизирање на ресуси (fundraising) и пишување на проекти
1.6. Пишување на предлог-проекти за конкурси на домашни и меѓународни донатори
1.7. Активности за прибирање средства (fundraising/crowdfunding)со користење на платформи, како на пр.e-crowd.mk

**Индикатори за постигнувањето на оваа стратешка цел ќе бидат:**

И.1.1. Поголем број на донатори кои ја поддржуваат установата
И.1.2. Зголемен фонд на установата
И.1.3. Зголемена видливост на установата кај донаторската заедница
И.1.4. Потпишани протоколи за соработка со Град Скопје и Министерство за култура до крајот на периодот на стратешкиот план
И.1.5. Добиени донации од Град Скопје и зголемен буџет од Министерство за култура
И.1.6. Реализирани најмалку две crowdfunding кампањи и собрани барем 10.000 € во тек на петгодишниот плански период

**Стратешки цел 2:**
**Докапацитирање и зголемување на тимот на КСП Центар ЈАДРО, развивање на формални процедури и унапредување на внатрешната комуникација.**

**Активностите кои се предвидени за остварување на оваа цел вклучуваат:**

2.1. Изработка на функционална анализа и систематизација на работните позиции/места

2.2. Вработување на најмалку уште три лица во наредните 5 години (моменталната проценка за потребите на КСП Центар Јадро: лице за финансии и администрација, лице одговорно за техника, програмски асистент)
2.3. Развој на волонтерска програма на КСП Центар Јадро (со волонтери од градот, земјата и од странство)
2.4. Развивање на формални процедури кои ги дефинираат односите внатре во тимот (меѓу неговите членови), со основачите, Програмскиот совет, како и процедури за аплицирање за програми
2.5. Континуирана едукација на вработените во центарот (односи со јавност, застапување, пишување проекти, fundraising и др.)
2.6. Воспоставување редовни работни состаноци еднаш неделно и други формални комуникациски канали во рамки на установата

## Индикатори за постигнувањето на оваа стратешка цел ќе бидат:

И.2.1. Направена функционална анализа и систематизација на работните позиции/места во првата година на периодот на стратешко планирање
И.2.2. Бројот на вработени во период од 5 години на стратешкиот план во КСП Центар Јадро
И2.3. Број и профил на волонтерите кои работат во КСП Центар Јадро во периодот од 5 години
И.2.3. Унапредени знаења на вработените во центарот (односи со јавност, застапување, пишување проекти, fundraising и др.)
И.2.4. Развиени формални процедури, континуирано комуницирање и подобрена интерна комуникација и мониторинг на тековните проекти

## Стратешка цел 3:
**Обезбедување на дополнителен простор за работа на КСП Центар ЈАДРО кој би вклучувал простор за оперативно функционирање, резиденции, библиотека, сцена, бифе.**

## Активностите кои се предвидени за остварување на оваа цел вклучуваат:

3.1. Идентификација на потенцијални нови простори за КСП Центар-Јадро
3.2. Продолжување на комуникацијата со Општина Центар за обезбедување на дополнителен простор
3.3. Градежен проект за дополнителни простории
3.4. Изработување на предлог-проект за финансирање на реконструкција
3.5. Опремување на просторот и набавка на опрема

## Индикатори за постигнувањето на оваа стратешка цел ќе бидат:

И.3.1. Идентификувани нови потенцијални простори на КСП Центар Јадро
И.3.2. Пишување на заеднички проект за реконструкција/изградба на простор со Општина Центар
И.3.3. Изработување на спецификација за техничко опремување на нов простор

**Стратешка цел 4:**
**Јасна програмска ориентација и збогатување на програмата на КСП Центар Јадро со нови форми, нови типови на продукција и копродукција.**

**Активностите кои се предвидени за остварување на  оваа цел вклучуваат:**

4.1. Дефинирање на програмската ориентација КСП Центар Јадро и континуитет на програмски линии по кои установата е препознаена
4.2. Поблиска координација со Програмскиот совет на КСП Центар Јадро (одржување на квартални состаноци со Програмскиот совет, на кои ќе се усвојуваат плановите за наредните три месеци и извештаите од претходиот период)
4.3. Развивање на процедури за програмските активности (механизми за пријавување и одобрување на програмите)
4.4. Креирани елаборати за нови типови на продукции и копродукции кога новите простории ќе станат достапни
4.5. Воведување на нови форми на продукција и копродукција паралелно со јакнењето на тимот и обезбедување на нови простори

**Индикатори за постигнувањето на оваа стратешка цел ќе бидат:**

И.4.1. Постигната согласност за програмската ориентација меѓу вработените во КСП Центар Јадро, со Програмскиот совет и Управнот одбор на ЈАДРО Асоцијацијата
И.4.2. Одржан континуитет на програмските линии и унапредени активности во рамки на програмските линии
И.4.3. Креирани формални процедури за координација на Програмксиот совет на КСП Центар Јадро и воспаставена практика за заедничко дејствување
И 4.4. Развиени формални процедури на пријавување и одобрување на програмите и евалуација на нивната успешност
И.4.5. Број и квалитет на  новите форми на продукција и копродукција и  реакциите на публиката во однос на нив

**Стратешка цел 5:**
**Профилирање на КСП Центар Јадро како ресурсен центар за пренесување на искуствата (знаењата и вештините) поврзани со цивилно-јавнните партнерства во областа на културата (користење на искуството на моделот на самоорганизација и на управување и завземање на водечка улога во презентација и имплементација во другите општини и градови во РСМ во соработка со  ЈАДРО Асоцијација).**

**Активностите кои се предвидени  за остварување на оваа цел вклучуваат:**

5.1. Идентификација на потенцијални партнери и достапни простори во градовите и општините во РСМ
5.2. Воспостување на контакт со потенцијални партнерски организации (состаноци, заеднички активности)

5.3. Гостување на програми на КСП Центар Јадро во просторите на потенцијалните партерски организации од другите градови во РСМ
5.4. Примање и обука на соработници од овие потенцијални партнерски организации во КСП Центар Јадро (како волонтери)
5.5. Заедничко конкурирање за проекти, со потенцијални партнери од други македонски градови
5.6. Едукативни програми (работилници, in-house training, продукција на образовен материјал како текст и видео)
5.7. Помош при основањето на центри (цивилно-јавни институции) и континуирана соработка со новооснованите центри

**Индикатори на постигнувањето за оваа стратешка цел ќе бидат:**

И.5.1. Број на идентификувани партнери и достапни простори во други градови и општини во РСМ
И.5.2. Број на воспоставени контакти со партнерски организации
И.5.3. Унапредени знаења и вештини на членките кои се потенцијални установи
И.5.4. Број на поднесени апликации со потенцијални цивилно-јавни установи
И.5.5. Број на добиени проекти со потенцијални цивилно-јавни установи
И.5.6. Број на заеднички програми и програмски размени
И 5.9. Број на основани нови цивилно-јавни институции во РСМ во периодот од 5 години

**Стратешка цел 6:**
**Развој на регионална соработка и размена на програми со сродни центри (Погон, Магацин, Анибар, Абрашевиќ и др.), во регионот на Југоисточна Европа со поддршка на Кооператива и Trans Europe Halless.**

**Активностите кои се предвидени за остварување на оваа цел вклучуваат:**
6.1. Континуирана размена на програма со независните културни центри од регионот
6.2. Иницирање на заеднички проекти и зајакнување на партнерствата
6.3. Заеднички застапувачки активности во координација со ЈАДРО Асоцијација и Кооператива
6.4. Ширење на мрежата на центри на независната културна сцена во земјите од регионот
6.5. Иницирање соработка со членките на ТЕН.

**Индикатори за постигнување на оваа стратешка цел ќе бидат:**

И.6.1. Број на програмски размени со сродните центри од регионот
И.6.2. Број на остварени соработки со сродните центри од регионот
И.6.3. Број на поднесени заеднички апликации
И.6.4. Број на добиени заеднички проекти
И.6.5. Резултати од застапувачките активности (подобрување на условите,

зголемување на просторните капацитети, зголемување на фондовите за култура во земјата на регионот)
И.6.6. Зголемување на бројот на центри од независната културна сцена
И.6.7. Број на остварени соработки со членките на ТЕН

**Стратешка цел 7:**
**Проширување на соработката во Скопје со уметници, културни установи, невладини организации, образовни институции, медиумите, синдикатите – ширење на кругот на соработка и поддршка**

**Активностите кои се предвидени за остварување на ова цел вклучуваат:**

7.1. Воспоставување контакт со потенцијални соработници
7.2. Дистрибуција на стратешкиот план на установата (2023-2027) до сите засегнати страни
7.3. Иницирање на средби/состаноци со потенцијални соработници
7.4. Идентификување на потенцијални заеднички интереси и активности

**Индикатори за постигнувањето на ова стратешка цел ќе бидат:**

И.7.1. Продлабочена соработка во Скопје со уметници, културни установи, невладини организации, образовни институции (средби, заеднички застапувачки активности, заеднички програмски активности)
И.7.2. Воспоставена соработка со медиумите и синдикатите (размена на знаење и вештини/know-how)

**Стратешка цел 8:**
**Унапредување на комуникацијата со членството на ЈАДРО Асоцијација, останати културно-уметнички организации, неформални групи и поединци, медиумите и Општина Центар како соосновач.**

**Активностите кои се предвидени за остварување на ова цел вклучуваат:**

8.1. Обука за односи со јавност (најмалку една работилница во првата година на стратешкиот план)
8.2. Изработка на комуникациски план (во првата година на стратешкиот план)
8.3. Унапредување на веб страницата на КСП Центар Јадро и профилите на социјалните мрежи
8.4. Редовен електронски њузлетер кон членките на ЈАДРО Асоцијација и сите соработници и медиуми (на квартално ниво)
8.5. Брифинг со претставници на медиумите за работата на КСП Центар Јадро (најмалку 2 пати годишно)
8.6. Почесто гостување во медиумите и претставување на програмата на КСП

Центар Јадро

8.7. Усклaдување на застапувачките активности со ЈАДРО Асоцијација
8.8. Унапредување на комуникацијата со општина Центар и редовни годишни состаноци со претставници на Општина Центар
8.9. Комуницирање на стратешкиот план со сите важни засегнати страни на локално и национално ниво

**Индикатори на постигнувањето за оваа стратешка цел ќе бидат:**

И.8.1. Унапредени капацитети на тимот на КСП Центар Јадро за активности за односи со јавност
И.8.2. Креиран комуникациски план на КСП Центар Јадро со помош на модератор во првата година на периодот од стратешкиот план
И.8.3. Квалитетот на веб страницата на КСП Центар Јадро и на профили на социјални мрежи
И.8.4. Број на прегледи и коментари на социјалните мрежи
И.8.5. Унапредена комуникација со членките на ЈАДРО Асоцијација и останатите културно-уметнички организации, неформални групи и поединци, медиумите преку вкупно 20 електронски њузлетери (4 годишно)
И.8.6. Унапредено информирање на пошироката јавност за активностите на установата и воспоставување на стабилни релации со медиумите (брифинг и (најмалку 2 пати годишно и почесто појавување во медиумите – број на медиумски гостувања)
И 8.7. Уште поголем степен на поддршка од страна на Општина Центар
И.8.8. Стратешкиот план на КСП Центар Јадро е искомуницирaн/дистрибуиран со сите засегнати страни (носители на одлуки на локални и национално ниво, културни установи, членки на Асоцијација ЈАДРО, други граѓански организација,

## ЈАВНА РАСПРАВА:

Јавната расправа е одржана на 15. и 16. октомври 2022. година во просториите на КСП Центар-Јадро. После јавната расправа, модифицираната верзија ќе биде претставена на основачите – Јадро Асоцијација и Општина Центар и по усвојувањето ќе стане стратешки документ на КСП Центар Јадро за периодот од 2023. до 2027. година.

## АКЦИСКИ ПЛАНОВИ:

Врз основа на елементите на овој стратешки план менаџментот на КСП Центар-Јадро ќе прави годишни оперативни планови кои би требало да бидат основа за секојдневно делување на установата. Овие акциски планови ќе дефинираат кои цели би требало да се остварат секоја наредна година за да би биле остварени стратешките цели до 2027. година, како и кои активности ќе бидат спроведени, во кој временски период и кој ќе биде задолжен за нивна реализација.

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторингот и евалуацијата на остварувањето на стратешкиот план и оперативните планови ќе биде задача на менаџментот и на Управниот одбор на КСП Центар-Јадро и резултатите на овие активности ќе им бидат презентирани на членките на ЈАДРО Асоцијацијата на редовните годишни собранија. Од четирите домени на мониторингот (мониторинг на резултатите, мониторинг на процесот, мониторинг на контекстот и мониторинг на влијанието), особено внимание ќе му биде посветено на мониторингот на резултатите (споредување на планираните и остварените резултати, инпут-оутпут споредувања и benchmarking). Ќе бидат реализирани и две евалуации на остварените резултати (со ангажирање на надворешни експерти): мид-терм евалуација кон средината на 2025. година и финална евалуација, по завршетокот на планскиот период, на почетокот на 2028. година.

# APPENDIX

## РЕЗУЛТАТИ НА SWOT АНАЛИЗАТА

### СИЛНИ СТРАНИ (STRENGTHS)

- уникатен модел на самоорганизација и на управување (предноста на јавно-цивилна форма/облик)
- користење на јавни ресурси (простор)
- посветен тим (независни културни работници со долгогодишно искуство на сцената, експертиза на членовите на тимот во различни дисциплини)
- добро финансиско организирање на организацијата
- тројца постојано вработени
- удел на сите членови на тимот во креирање на програмата
- независност од други институции и од политичкин партии
- приспособување во нестабилни околности
- отворен простор за независни уметници и културни работници, отвореност за голем број на артисти (гравитираат различни луѓе од различни профили од културата)
- поврзување на актери на културната сцена
- поддршка на млади автори и уметници
- добра комуникација помеѓу менаџментот и артистите
- богата програма (исполнет месечен календар со активности)
- добра видливост
- онлајн настани да се допре до публика надвор од Скопје
- поддршка од ЈАДРО Асоцијација, има мрежа на располагање, индивидуи кои се повеќе од 20 години во секторот и имаат искуство (know-how)

### СЛАБИ СТРАНИ (WEAKNESSES)

- слабото запознавање на јавноста со она што се работи во Центар-Јадро (послаба видливост надвор од културните кругови/општа јавност)
- слабо презентирање во интернет сферата и медиумите
- другите понекогаш го гледаат Јадро како затворен круг на автори од сцената
- правни нејаснотии околу процедури и политики, поради уникатниот хибриден модел
- поцврста долгорочна идеја за програмска политика
- не постои функционална анализа и систематизација на работни места
- нестабилно финансирање
- финансиска неизвесност на планирање (зависно годината и променливо)
- преоптовареност на тимот поради интензивната програма и обврски (согорување - изморен персонал, има потреба од барем уште 1 човек)
- недоволно јасни правила за користење на просторот.
- преголема побарувачка на простор наспроти ограничени човечки и просторни капацитети
- недостаток на термини за сопствена програма
- мал простор за оперативна работа на тимот - (многу мал и несоодветен канцелариски простор)
- премал и недоволен складиштен простор
- немаме простор за фундус, како ни за бифе
- влезот во канцеларијата истовремено служи и како “службен влез” во просторот, па низ неа влегуваат /излегуваат корисниците што го оневозможува одржувањето на фокусирана работна атмосфера за вработениот персонал
- недоволна техничка опременост на самата канцеларија (компјутери)
- недоволно застапување со надлежните министерства (култура) + локалната власт (недоволно добра соработка со носители на одлуки)
- недоволно добра комуникација со членките на Јадро Асоцијација

## МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES)

- поволно е тоа што Центар-Јадро се наоѓа во Скопје, којшто е голем и главен град!
- соработка со локалната заедница/заедници, школи основни + средни
- релевантност на програмата во локален и поширок контекст
- отсуство на слични простори во земјата;
- препознавање на моделот и завземање на водечка улога во презентација и имплементација во другите општини и градови (можност за реплицирање на моделот во други општини)
- соработка со други културни центри од РМ
- отвореност и желба на разни целни групи да соработуваат и продуцираат со и во Јадро
- препознавање на стручната заедница на Јадро како релевантен партнер
- можност за грантови од локални и странски фондации
- можност за континуирана подолгорочна поддршка од странски донатори (пр. ФООМ)
- ЕУ фондови за култура, пример Креативна Европа
- интерес кај некои амбасади-билетарни партнерства
- потенцијални партнерства во рамки на поголеми политички процеси-Open Balkans; MK-GR cooperation
- регионална соработка и размена на програми и уметничка циркулација со сродни центри во регионот (преку RegLab на Кооператива и пошироко)
- отварање на канцеларија на Кооператива во Скопје
- регионални тенденции за вмрежување
- зајакнување на соработката со регионалните културни центри
- релативно позитивна наклонетост кон КСП кај одредени политички чинители/институции (иако почесто декларативна)
- веќе вопспоставената комуникација со општина Центар=добра прилика за застапување за повисок буџет и ширење на просторот
- можности за партнерски фандрејзинг со општина (пр. ЕУ твининг) и НВО-и
- можност за проширување на тимот, преку зголемување на годишниот буџет за институционално функционирање и работа
- привлекување на нови корисници на просторот, кои придонесуваат со свои програми
- привелкување на неконвенционални културни организации и индивидуи

## ЗАКАНИ (THREATS)

- Светска економска криза
- намалување на достапни средства од меѓународни донатори и организации, особено постоечки партнери
- кратење на регионалните и европските фондови
- Open Balkan! Постои шанса да ги превземе ресурсите за регионална соработка
- генерално намалување на буџетите за култура (на локално и национално ниво), како резултат на светската криза
- оделвањето на државниот буџет за култура во државните културни институции
- кратење на општински буџети поради економската и енергетската криза, сега и на долг рок
- висока конкуренција на мали културни фондови
- Нестабилна политичка клима на локално и национално ниво
- регионална нестабилност (политичка)
- политичка нестабилност-промени на национални и локални власти/неизвесна наклонетост
- доаѓање на партија на власт која нема сензибилитет за независната култура (промена на власта во Општина Центар која ќе нема волја за понатамошна соработка)
- доминација на креативните индустрии и локално, но и на ниво на европските политики
- промоција на други културни модели на партнерства што се туркаат како попривлечни, а го зајакнуваат капиталистичкиот дух и можат да влијаат во намалување на буџетот на центарот
- постојана свртеност на пошироката јавност кон други поатрактивни теми (корупција, етнички конфликти, национализам итн), а со тоа и трајна незаинтересираност на медиумите за покривање на културната програма = општо ниска медиумска покриеност
- пораст на национализмот во регионот, Европа и локално
- примитивизација и вулгаризација во општеството
- стеснување на просторот за граѓанско дејствување (т.н. shrinking space)
- нови ковид бранови/рестрикции
- одлив на млади луѓе, brain drain
- зголемување на % на сиромаштија при што публиката има побитни работи од присуството на културни настани
- опасност од превземање/аплицирање на моделот на граѓанско-јавно партнерство од луѓе кои не се од секторот и искрено инволвирани
- политички сили кои без промислување би можеле да му наштетат на Јадро поврзувајќи го со полибералните струи (во финансиска смисла, но и во насока на одземање на просторот)
- разни лоби групи во културата кои би сакале да го успорат напредокот на Јадро
- да изгубиме поддршка/наклонетост на дел од сцената, како резултат на одбивање на дел од барањата за користење на простор

## SPIDER WEB АНАЛИЗА – КАПАЦИТЕТИ НА КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО



# СТРАТЕШКИ ПРЕДИЗВИЦИ И СТРАТЕШКИ МОЖНОСТИ (TOWS МАТРИЦА)

## СТРАТЕШКИ ПРЕДИЗВИЦИ

- Финансиска неизвесност, заради светската економска криза која ќе доведе до намалување на буџетите за култура и заради можна смена на политичката структура на локална и централна власт.
- Недоволна политичка поддршка од страна на националните и локалните институции (Министерство за култура, Град Скопје)
- Тимот не е доволен за обемот на работа која ја работи, опасност од прегорување (burn-out)
- Недоволен простор кој го има КСП Центар-Јадро - потребни се поголеми и разновидни простори за функцинирање кои би вклучиле простор за оперативно функционирање, резиденции, библиотека, сцена, бифе)
- Комуникација - Недоволно добро информирање во поглед на членството на Асоцијација ЈАДРО, останати уметнички и културни организации и останата јавност
- Опасност од преземање на моделот на граѓанско-јавно партнерство и негово первертирање (комбинација на креативни индустрии, либерална логика на функционирање на културата и партиско инфилтрирање во моделот)
- Стеснување на просторот за граѓанско дејствување – пораст на национализмот во Регионот, Европа и локално

## СТРАТЕШКИ МОЖНОСТИ

- Достапност на фондови на различни нивоа (локални, национални, регионални и ЕУ)
- Развој на регионална соработка и размена на програми со сродни центри во регионот на југоисточне Европа со поддршка на Кооператива
- Користење на искуството на моделот на самоорганизација и на управување и
- завземање на водечка улога во презентација и имплементација во другите општини и градови (можност за реплицирање на моделот во други општини) во РСМ
- Проширување на соработката во Скопје со уметници, културни установи, невладини организации, образовни институции, медиумите, синдикатите.
- Докапацитирање и зголемување на тимот на Центар-Јадро
- Збогатување на програмата со нови форми, нови типови на продукција и копродукција

Културно-социјален простор
**ЦЕНТАР-ЈАДРО**

основано од

ЈАДРО
Асоцијација на
независната
културна сцена